УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

# ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ



# УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

**ВО ПРВА ГОДИНА НА ДОДИПЛОМСКИ АКАДЕМСКИ СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС ВО УЧЕБНАТА 2012/2013 ГОДИНА НА СТУДИСКИТЕ ГРУПИ:**

- *ШУМАРСТВО*
- *ОЗЕЛЕНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА*

# ЗА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Шумарскиот факултет во Скопје е оформен и почнал со работа во далечната 1947 година и претставува единствена високообразовна и научно–истражувачка установа од областа на шумарството и дрвната индустрија.

Според наставната и истражувачката работа, Факултетот спаѓа во групата на **биотехнички факултети.**

Во образовниот процес на Шумарскиот факултет се организираат четиригодишни додипломски студии од прв циклус и дипломски студии (магистерски) студии од втор циклус, а во фаза на воведување е третиот циклус на студии - докторски студии.

Во 60 годишното непрекинато работење, на Факултетот со диплома Шумарски инженер се стекнале околу 2700 кандидати, со степен магистер се стекнале вкупно 66 кандидати, а со докторат на науки вкупно 56 кандидати.

Со завршување на додипломските студии, студентот се стекнува звањето **Дипломиран шумарски инженер** со назнака на насоченоста, односно:

- **Шумарство**
- **Озеленување и унапредување на животната средина**

Факултетот е сместен во источниот дел на Скопје, во населбата Автокоманда, на адресата бул. Александар Македонски бб.

# ОПИС НА ЗВАЊЕТО ДИПЛОМИРАН ШУМАРСКИ ИНЖЕНЕР

Планското стопанисување со шумите во Република Македонија, засновано на долгорочните планови за стопанисување, раководено од високобразован стручен кадар, е поврзано со ослободувањето на македонскиот народ после втората светска војна и формирањето на Македонска држава. Од тогаш до денес се следат сите појави, достигнувања и тенденции во шумарството во Европа и во светот. Како резултат на тоа и сфаќањето дека општокорисните функции на шумата заземаат значајно место во животот и опстанокот на човекот, во 1998 година студиската програма на насоката шумарство е иновирана, така што се оформени две студиски групи, кои што денес :

- **Шумарство**
- **Озеленување и унапредување на животната средина**

Подрачјето на делување на шумарскиот инженер е повеќестрано. Тој мора да ги познава темелните поставки на другите струки, како на пример: геологија, педологија, климатологија, градежништво, зоологија итн. Дури после тоа, тој се изградува како шумар.

Дипломираниот шумарски инженер на насоките **Шумарство** и **Озеленување и унапредување на животната средина** ги работи следните работи:

- одгледување на шуми,
- уредување на шуми,
- шумско семенарство,
- расадничко производство,

- подигање на шумски култури,
- заштита на шумите, шумските дрвја и декоративните растенија,
- заштита на дрвото,
- изградба и одржување на шумски патишта,
- дознака, сеча и изработка на шумски сортименти,
- транспорт на шумски сортименти,
- трговија со шумски производи,
- проектирање и планирање на хортикултурни објекти,
- заштита на природата и околината,
- одгледување на дивеч и ловно стопанство,
- управување со заштитени подрачја.

# ПРИДОБИВКИ ОД ВОВЕДУВАЊЕТО НА СТУДИИ СПОРЕД ЕДИНСТВЕН КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМ

Шумарскиот факултет како членка на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во рамките на реформите на високото образование во нашата земја, ја промовира меѓууниверзитетската соработка и мобилноста на студентите на институционално, национално и меѓународно ниво, со цел подобрување квалитетот на високото образование од областа на шумарството, животната средина и преработката на дрвото и дрвните материјали. Измените и дополнувањата на студиските програми, претставува основа за целосна реорганизација на наставата согласно постулатите на кредит трансфер системот (КТС), компатибилен со Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

Реорганизацијата на наставата подразбира:

- потполно преминување кон семестрална настава,
- повеќе од 20% од студиските предмети студентот ги избира сам, односно тој го креира својот стручен лик-профил,
- рационализација на предметните програми преку намалување обемот на контакт часови, а зголемување на индивидуалните активности на студентот,
- воведување нови методи на учење: семинари, домашни работи, индивидуални проекти, практична работа,
- воведување нови методи за проверка на знаењето, преку континуирано учење и проверка на знаењето (парцијално полагање), како и транспарентен систем на формирање завршна оценка со бодовна скала, преку која студентот знае како му се вреднува активноста, трудот и знаењето по секоја предметна програма,
- во најголем број случаи премин на писмена проверка на знаењето,
- можност за запишување на повеќе или помалку предмети во семестарот,
- можност да се полагаат предмети вон Шумарскиот факултет, во државата или странство, кои ќе бидат признати и рангирани со бројот на кредити (бодови) на матичната институција,
- можност за продолжување на студиите во странство, на факултети со кои е потпишана билатерална соработка

# ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДОДИПЛОМСКИ АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ПРВ ЦИКЛУС) ВО УЧЕБНАТА 2012/13 ГОДИНА

Согласно конкурсот за запишување на додипломски студии, на Шумарскиот факултет во Скопје можат да се запишат:

| **Студиска програма** | **Редовни** | | **Вонредни** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | **државна квота (€200)** | **квота со кофинан. (€400)** | **(€400)** | |
| **Шумарство** | 30 | 10 | 5 | 45 |
| **Озеленување и унапредување на животната средина** | 30 | 10 | 5 | 45 |
| **Вкупно** | 60 | 20 | 10 | 90 |

*Напомена: Цената се однесува за студиска година.*

**Услови и критериуми за запишување**

1. Право на запишување на додипломски студии од прв циклус имаат кандидатите кои положиле државна или меѓународна матура.

Право на запишување на додипломски студии имаат и кандидати кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење.

Право на запишување на додипломски студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно училиште во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година) кои не полагале државна матура.

2. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

3. На додипломските студии можат да се запишат и вонредни студенти, кои што партиципираат со €400. Како вонредни студенти можат да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите на конкурсот и имаат договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдана причина не се во можност да се запишат како редовни студенти. За оправдани причини се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата, потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар, родител на дете додека трае породилното отсуство.

4. Основен критериум за селекција на кандидатите е успехот од средното образование. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

Кандидатите можат да освојат најмногу 100 поени, и тоа: општиот успех по сите предмети учествува со 60%, а успехот постигнат на државната матура учествува со 40%.

Бодирањето на општиот успех по сите предмети се врши на следниот начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

Бодирањето на успехот постигнат на државната матура се врши на следниот начин: оценките од екстерните предмети се множат со коефициант 2. Вака добиениот производ се коригира со перцентилниот ранг на кандидатот за секој предмет поединечно. По оваа основа можат да се добијат најмногу 20 поени за двата екстерни предмети.

Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура се множат со коефициент 1,6. Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу 16 поени. Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени.

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу 40 поени.

**Селекција на кандидатите**

За реализација на Конкурсот за запишување, Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје формира конкурсна комисија.

Конкурсната комисија го врши рангирањето на кандидатите и ги објавува поените од од средното образование на огласната табла на факултетот.

По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидати за запишување, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на поените и се упатува до управата на Шумарскиот факултет. Решението на управата по приговорот е конечно.

По истекот на рокот за поднесување приговори и за нивно решавање, конкурсната комисија на Шумарскиот факултет објавува решение за прием на студенти (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишувањето на студентите.

Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање на надоместок за кофинансирање на студиите во износ од €200, во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РМ. Надоместокот за студирање кандидатите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

Студентите во квотата со кофинансирање на студиите се запишуваат со плаќање на надоместок за кофинансирање на студиите во износ од €400, во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РМ.

Плаќањето на надоместокот се врши во две еднакви рати.

Шумарскиот факултет не наплатува партиципација за: деца без родители, лица од прв степен на инвалидност, воени инвалиди, лица растени во домови за напуштени деца. Средствата за партиципација на овие лица се покриваат од Буџетот на РМ.

## Рокови за пријавување и запишување на кандидатите

### 1. Рокови за кандидатите кои се рангираат само според успехот од средното образование

| | прв рок | втор рок | трет рок |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 16 и 17.8.2012 | 3 и 4.9.2012 | 17.9.2012 |
| Објавување резултати од успехот од средно образование | 22.8.2012 | 7.9.2012 | 18.9.2012 |
| Објавување решение за прием на кандидатите | 27.8.2012 | 11.9.2012 | 19.9.2012 |
| Запишување на кандидатите | 30 и 31.8.2012 | 13 и 14.9.2012 | 21.9.2012 |

## 2. Рокови за кандидатите кои се рангираат според успехот од средното образование и според проверката на знаења и умеења

| | прв рок | втор рок | трет рок |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 16 и 17.8.2012 | 3 и 4.9.2012 | 17.9.2012 |
| Проверка на знаења и умеења | 18.8.2012 | 5.9.2011 | 18.9.2012 |
| Објавување резултати од проверката на знаењата и умеењата и од успехот | 24.8.2012 | 11.9.2012 | 21.9.2012 |
| Објавување решение за прием на кандидатите | 27.8.2012 | 13.9.2012 | 22.9.2012 |
| Запишување на кандидатите | 30 и 31.8.2012 | 14.9.2012 | 24.9.2012 |

**Напомена:**

Бројот и условите за запишување на кандидатите во вториот и во третиот уписен рок ќе бидат утврдени со Дополнителен конкурс за запишување.

Докуманти за пријавување

При пријавување за запишување кандидатите ги поднесуваат следните документи:

1. пријава за запишување
2. оригинални свидетелства од сите класови
3. оригинално свидетелство за завршено средно образование
4. документ за положена државна матура
5. извод од матичната книга на родените
6. доказ за државјанство на РМ (уверение или решение)

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти, покрај наведените, поднесуваат и договор за вработување на неопределено време, или лекарска потврда (издадена од Здравствената станица на Универзитетот).

**Листа на екстерни и интерни предмети од државната матура потребни за пријавување за запишување на студиските програми на Шумарскиот факултет во Скопје**

За сите кандидати задолжителен екстерен предмет е предметот мајчин јазик

| Студиска програма | екстерен изборен предмет | интерни предмети |
|---|---|---|
| Шумарство<br><br>Озеленување и унапредување на животната средина | **за кандидати од гимназија и средно стручно образование**<br>математика (основно ниво),<br>математика (напредно ниво),<br>или странски јазик<br><br>**за кандидати од средно уметничко образование**<br>странски јазик,<br>естетика<br>или филозофија | **за гимназија**<br>• два предмети од листата со општообразовни предмети по избор на кандидатот<br>**за средно стручно образование**<br>• еден предмет од листата со општообразовни предмети по избор на кандидатот<br>• еден стручен предмет според образовниот профил на кандидатот<br>**за средно уметничко образование**<br>• два стручни предмети според образовниот профил на кандидатот |

**Предмети што се бодираат при вреднување на успехот од средното образование за кнандидати кои средното образование го завршиле пред учебната 2007/08 и не полагале државна матура**

| Насока | I предмет | II предмет |
|---|---|---|
| Шумарство<br>Озеленување и унапредување на животната средина | математика | - хемија<br>- биологија<br>- искористување на шумите<br>- подигање и одгледување на зелени површини<br>- дендрологија<br>- информатика<br>- физика<br>- мајчин јазик<br>(по избор на кандидатот) |

# СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

## НА ДОДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

# ШУМАРСТВО

### I СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШФ101 | Математика | 3 | 3 | 6 |
| 2 | ШШ101 | Екоклиматологија | 2 | 2 | 5 |
| 3 | ШШ102 | Ботаника | 4 | 3 | 6 |
| 4 | ШФ102 | Хемија | 3 | 2 | 6 |
| 5 | | Изборен предмет (група А1) | 2 | 2 | 5 |
| 6 | | Спортски активности | 0 | 1 | 2 |
| **Изборен предмет - ГРУПА А1** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ308 | Англиски јазик | 2 | 2 | 5 |
| 2 | ШШ301 | Информатика | 2 | 2 | 5 |

### II СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ103 | Шумарска педологија со петрографија | 4 | 3 | 6 |
| 2 | ШШ104 | Геодезија со техничко цртање | 4 | 3 | 6 |
| 3 | ШШ105 | Дендрологија | 4 | 3 | 6 |
| 4 | ШШ106 | Механизација во шумарството и озеленувањето | 3 | 2 | 6 |
| 5 | | Изборен предмет (група А2) | 2 | 1 | 4 |
| 6 | | Спортски активности | 0 | 1 | 2 |
| **Изборен предмет - ГРУПА А2** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ302 | Социјална екологија | 2 | 1 | 4 |
| 2 | ШШ303 | Урбана антропологија | 2 | 1 | 4 |

### III СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ107 | Познавање на дрвото | 3 | 2 | 5 |
| 2 | ШШ108 | Шумско градежништво | 3 | 2 | 6 |
| 3 | ШШ109 | Фитоценологија | 3 | 2 | 5 |
| 4 | ШШ110 | Зооекологија и систематика на дивечот | 3 | 2 | 5 |
| 5 | ШШ111 | Основи на конзервација на водата и почвата | 3 | 2 | 5 |
| 6 | | Изборен предмет (група Б) | 2 | 1 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Б** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ304 | Човек, природа, култура | 2 | 1 | 4 |
| 2 | ШШ305 | Етика | 2 | 1 | 4 |

### IV СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ112 | Шумарска генетика со облагородување на шумските видови дрвја и декоративни растенија | 2 | 2 | 6 |
| 2 | ШШ113 | Шумски култури | 4 | 3 | 6 |
| 3 | ШШ114 | Шумарска ентомологија | 3 | 2 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | ШШ115 | Шумарска фитопатологија | 3 | 2 | 6 |
| 5 | ШШ116 | Дендрометрија | 3 | 3 | 6 |

**V СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ117 | Одгледување на шумите | 4 | 2 | 6 |
| 2 | ШШ118 | Користење на шумите | 4 | 3 | 6 |
| 3 | | Изборен предмет (група В1) | 2 | 1 | 4 |
| 4 | | Изборен предмет (група В2) | 2 | 2 | 5 |
| 5 | | Изборен предмет (група В2) | 2 | 2 | 5 |
| 6 | | Стручна практична работа (есенски аспект) | 0 | 2 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В1** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ306 | Основи на микробиологија | 2 | 1 | 4 |
| 2 | ШШ307 | Исхрана на растенија | 2 | 1 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В2** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | ШШ321 | Болести на шумските видови дрвја | 2 | 2 | 5 |
| 2 | ШШ322 | Штетници на шумските видови дрвја | 2 | 2 | 5 |
| 3 | ШШ309 | Идентификација и производство на печурки | 2 | 2 | 5 |

**VI СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ119 | Шумски транспорт | 3 | 3 | 5 |
| 2 | ШШ120 | Мелиорација на деградирани шуми и шикари | 2 | 2 | 5 |
| 3 | ШШ203 | Ловно стопанство | 3 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група В3) | 2 | 2 | 4 |
| 5 | | Изборен предмет (група В3) | 2 | 2 | 4 |
| 6 | | Стручна практична работа (пролетен аспект) | 0 | 2 | 3 |
| 7 | | Феријална пракса | 0 | 4 | 3 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В3** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | ШШ323 | Користење други шумски производи | 2 | 2 | 4 |
| 2 | ШШ325 | Примарна преработка на дрвото | 2 | 2 | 4 |
| 3 | ШШ327 | Ергономија во шумарството | 2 | 2 | 4 |

**VII СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ121 | Организација и управување | 3 | 2 | 6 |
| 2 | ШШ201 | Шумскостопанска политика | 3 | 2 | 6 |
| 3 | ШШ202 | Многуфункционално стопанисување со шумите | 3 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Д1) | 2 | 2 | 4 |
| 5 | | Изборен предмет (група Д2) | 2 | 2 | 4 |
| 6 | | Изборен предмет (група Д2) | 2 | 2 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Д1** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ324 | Отворање на шумите | 2 | 2 | 4 |
| 2 | ШШ326 | Маркетинг и цени | 2 | 2 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Д2** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | ШШ328 | Растеж и прираст на шумите | 2 | 2 | 4 |
| 2 | ШШ329 | Подигнување култури со специјална намена | 2 | 2 | 4 |
| 3 | ШШ330 | Современи геоматски техники во шумарството | 2 | 2 | 4 |

**VIII СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ122 | Уредување на шумите | 4 | 3 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | ШШ123 | Економика и калкулации | 3 | 2 | 5 |
| 3 | ШШ124 | Заштита на шумите и зелените површини | 4 | 2 | 6 |
| 4 | ШШ204 | Уредување порои | 3 | 2 | 6 |
| 5 | | Дипломска работа | 0 | 7 | 7 |

# ОЗЕЛЕНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**I СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШФ101 | Математика | 3 | 3 | 6 |
| 2 | ШШ101 | Екоклиматологија | 2 | 2 | 5 |
| 3 | ШШ102 | Ботаника | 4 | 3 | 6 |
| 4 | ШФ102 | Хемија | 3 | 2 | 6 |
| 5 | | Изборен предмет (група А1) | 2 | 2 | 5 |
| 6 | | Спортски активности | 0 | 1 | 2 |
| **Изборен предмет - ГРУПА А1**(се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ308 | Англиски јазик | 2 | 2 | 5 |
| 2 | ШШ301 | Информатика | 2 | 2 | 5 |

**II СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ103 | Шумарска педологија со петрографија | 4 | 3 | 6 |
| 2 | ШШ104 | Геодезија со техничко цртање | 4 | 3 | 6 |
| 3 | ШШ105 | Дендрологија | 4 | 3 | 6 |
| 4 | ШШ106 | Механизација во шумарството и озеленувањето | 3 | 2 | 6 |
| 5 | | Изборен предмет (група А2) | 2 | 1 | 4 |
| 6 | | Спортски активности | 0 | 1 | 2 |
| **Изборен предмет - ГРУПА А2** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ302 | Социјална екологија | 2 | 1 | 4 |
| 2 | ШШ303 | Урбана антропологија | 2 | 1 | 4 |

**III СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ107 | Познавање на дрвото | 3 | 2 | 5 |
| 2 | ШШ108 | Шумско градежништво | 3 | 2 | 6 |
| 3 | ШШ109 | Фитоценологија | 3 | 2 | 5 |
| 4 | ШШ110 | Зооекологија и систематика на дивечот | 3 | 2 | 5 |
| 5 | ШШ111 | Основи на конзервација на водата и почвата | 3 | 2 | 5 |
| 6 | | Изборен предмет (група Б) | 2 | 1 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Б** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ304 | Човек, природа, култура | 2 | 1 | 4 |
| 2 | ШШ305 | Етика | 2 | 1 | 4 |

**IV СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ112 | Шумарска генетика со облагородување на | 2 | 2 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | шумските видови дрвја и декоративни растенија | | | |
| 2 | ШШ113 | Шумски култури | 4 | 3 | 6 |
| 3 | ШШ114 | Шумарска ентомологија | 3 | 2 | 6 |
| 4 | ШШ115 | Шумарска фитопатологија | 3 | 2 | 6 |
| 5 | ШШ116 | Дендрометрија | 3 | 3 | 6 |

**V СЕМЕСТАР**

| **Ред. број** | **Предмет** | | **Неделен фонд на часови** | | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Код** | **Наслов** | **П** | **В** | |
| 1 | ШШ117 | Одгледување на шумите | 4 | 2 | 6 |
| 2 | ШШ118 | Користење на шумите | 4 | 3 | 6 |
| 3 | | Изборен предмет (група В1) | 2 | 1 | 4 |
| 4 | | Изборен предмет (група В2) | 2 | 2 | 5 |
| 5 | | Изборен предмет (група В2) | 2 | 2 | 5 |
| 6 | | Стручна практична работа (есенски аспект) | 0 | 2 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В1** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ306 | Основи на микробиологија | 2 | 1 | 4 |
| 2 | ШШ307 | Исхрана на растенија | 2 | 1 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В2** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | ШШ351 | Болести на декоративните растенија | 2 | 2 | 5 |
| 2 | ШШ352 | Штетници на декоративните растенија | 2 | 2 | 5 |
| 3 | ШШ309 | Идентификација и производство на печурки | 2 | 2 | 5 |

**VI СЕМЕСТАР**

| **Ред. број** | **Предмет** | | **Неделен фонд на часови** | | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Код** | **Наслов** | **П** | **В** | |
| 1 | ШШ119 | Шумски транспорт | 3 | 3 | 5 |
| 2 | ШШ120 | Мелиорација на деградирани шуми и шикари | 2 | 2 | 5 |
| 3 | ШШ251 | Урбана дендрологија | 3 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група В3) | 2 | 2 | 4 |
| 5 | | Изборен предмет (група В3) | 2 | 2 | 4 |
| 6 | | Стручна практична работа (пролетен аспект) | 0 | 2 | 3 |
| 7 | | Феријална пракса | 0 | 4 | 3 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В3** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | ШШ353 | Слободорачно цртање со пластично оформување | 2 | 2 | 4 |
| 2 | ШШ355 | Перени и едногодишни растенија | 2 | 2 | 4 |
| 3 | ШШ356 | Парковска архитектура | 2 | 2 | 4 |

**VII СЕМЕСТАР**

| **Ред. број** | **Предмет** | | **Неделен фонд на часови** | | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Код** | **Наслов** | **П** | **В** | |
| 1 | ШШ121 | Организација и управување | 3 | 2 | 6 |
| 2 | ШШ252 | Пејсаж и дизајн на зелени површини | 3 | 2 | 6 |
| 3 | ШШ253 | Проектирање на зелени површини | 3 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Д1) | 2 | 2 | 4 |
| 5 | | Изборен предмет (група Д2) | 2 | 2 | 4 |
| 6 | | Изборен предмет (група Д2) | 2 | 2 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Д1** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | ШШ354 | Производство на декоративен саден материјал | 2 | 2 | 4 |
| 2 | ШШ357 | Минијатурни градини | 2 | 2 | 4 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Д2** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | ШШ358 | Рекултивација на депонии и јаловишта | 2 | 2 | 4 |
| 2 | ШШ359 | Хидромелиорации | 2 | 2 | 4 |
| 3 | ШШ360 | Заштита на земјиштето од ерозии | 2 | 2 | 4 |

**VIII СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | ШШ122 | Уредување на шумите | 4 | 3 | 6 |
| 2 | ШШ123 | Економика и калкулации | 3 | 2 | 5 |
| 3 | ШШ124 | Заштита на шумите и зелените површини | 4 | 2 | 6 |
| 4 | ШШ254 | Подигнување и нега на зелени површини | 3 | 2 | 6 |
| 5 | | Дипломска работа | 0 | 7 | 7 |

# КОНТАКТ

Адреса
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Шумарски факултет
Бул. Александар Македонски бб
1000 Скопје

Тел.: 02/3135033
Факс: 02/3164560

E-mail: sumarski@sf.ukim.edu.mk
http://www.sf.ukim.edu.mk